Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 21. 11. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 58881/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Љупчо Пренџов
Дафина Стојаноска
Билјана Кузманоска
Драгана Бојковска

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 124/19, 178/21 и 154/25) се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија и истиот претставува шема на помош согласно прописите со кои се уредува контролата на државната помош.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е пролонгирање на рокот за поднесување на барање за исплата на финансиска поддршка.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции не предизвикува финансиски импликации врз државниот Буџет.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

## Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), во членот 28 став (1) зборовите: „15 октомври 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „10 декември 2025 година“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции содржи 2 члена.

Со член 1 се интервенира во членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции и се одложува рокот за поднесување на барање за исплата на финансиска поддршка во 2025 година.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25)

Член 28

(1) Деловните субјекти кои поднеле барање за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 31 мај 2025 година и склучиле договори за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 септември 2025 година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка со потребната документација, најдоцна до 15 октомври 2025 година.

(2) Деловните субјекти кои поднеле барање за измена на договорите за доделување на финансиската поддршка на инвестиции до 31 мај 2025 година и склучиле анекси на договорите за доделување на финансиска поддршка на инвестиции до 15 септември 2025 година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка со потребната документација, најдоцна до 15 октомври 2025 година.

(3) Одобрената финансиска поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци во претходната година за деловните субјекти од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се исплаќа во една транша до 25 декември 2025 година.